Врз основа на чл.98 ст.1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ бр.82/18), согласно активните мерки и протоколи за спречување на ширење на коронавирусот (Covid-19), Ректорот на ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ Скопје, по одржаната 69-та седница на Ректорската управа, на ден 03.09.2020 год. ја донесе следната:

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 02-5/2/1
07.09 2020 год.
СКОПЈЕ 1

# О Д Л У К А

**I.СЕ ВОВЕДУВА комбинирана форма на настава во зимскиот семестар од академската 2020/2021 година:**

**а) on-line**, и

**б) со физичко присуство на студентите, во согласност со утврдените Протоколи за превенција од Covid-19;**

Предметните наставници/асистентите кои ќе ги спроведуваат наставните часови/вежбите, можат да одберат еден од понудените методи, или да ги користат и двата во комбинација, притоа водејќи сметка да се овозможи редовно следење на наставата од сите студенти.

Предавањата и вежбите (on-line и/или со физичко присуство) ќе се спроведуваат во просториите на Универзитетот - предавални и вежбални опремени со персонален компјутер со USB адаптер за WiFi сигнал (300 mbps), веб-камера со вграден микрофон и HD резолуција, звучници, дуална WiFi мрежа со целосна покриеност (2.4GHz / 5GHz), инсталиран софтвер – видеоконференциски платформи Zoom, Skype, Microsoft Teams, MS Office пакет (Word, Excel, Powerpoint), Adobe Reader, како и упатство за користење на опремата и апликациите.

Бројот на расположиви места за физичко присуство во предавалните, согласно протоколите за превенција од Covid-19, е следниот:

| бр.на предавална | 107 | 108 | 109 | 110 | 214+215 | 216 | 223 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| присутни лица | 15-20 | 15-20 | 10-15 | 10 | 30 *капацитет 40 | 15-20 | 15-20 |

| бр.на предавална | 224 | 225 | 225-а | 225-б | 226 | 227 | 229 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| присутни лица | 10 | 10-15 | 10-15 | 10-15 | 10-15 | 10-15 | 15-20 |

Претклиничките вежбални на Факултетот за стоматологија наменети за практична настава ќе се користат во согласност со утврдените Протоколи за превенција од Covid-19. Клиничкиот дел од наставата во ПЗУ-Универзитетски стоматолошки клинички центар „ПРОФ.Д-Р БОЈО АНДРЕСКИ“, ќе се изведува согласно важечките Протоколи на здравствената установа.

Се задолжуваат Деканите да изработат распореди во координација со Проректорот, со цел да бидат оптимално искористени ресурсите како за on-line, така и за настава со физичко присуство. Распоредите да се доставуваат до Раководителот на Студентската служба и лицето одговорно за IT поддршка, за објава на веб и социјални мрежи.

**II. Проверка на знаењето во зимскиот семестар од академската 2020/21 година ќе се спроведува со физичко присуство на студентите, во согласност со утврдени Протоколи за превенција од Covid-19.**

Во случај на променети околности, и/или потреба за воведување on-line проверка на знаење за странски студенти и/или студенти кои од објективни причини не можат да бидат физички присутни, Одлуката соодветно ќе биде изменета и дополнета.

**III.** Одлуката влегува во сила веднаш и ќе се применува додека се на важност мерките и препораките за заштита и превенција од ширење на коронавирусот (Covid-19), согласно утврдените Протоколи.

Во случај на било каква промена, истата ќе се дополни или замени со нова Одлука.

**Скопје, 03.09.2020**

**Р е к т о р**

проф.д-р Владо Ванковски

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ 1 СКОПЈЕ